# Проект “Graffiti Art Takes the Street”

**(Април-Јули 2021)**

## Билтен #1




### Што е проектот GATS?

Проектот GATS е проект од програмата Еразмус+ кој се стреми за големи промени во општествените гледишта, или како гледаме кон одреден вид уметност како што е уличната уметност. Досега, на сите ни е познато дека уметноста на графити беше тешко прифатена во минатото, и не е лесно да стекне добра репутација како вид уметност.

Во овој сегмент, проектот GATS превзема иницијатива за овој предизвик. Целта на проектот е да ја подобри репутацијата на графитите, да ги направи прифатливи за авторитетни тела и заедници, но и попристапни и прикажани во урбани области со фреквентно движење. Исто така, самото вмрежување и вработливоста на уметниците кои ќе ги цртаат графитите, ќе биде подобрена.

### Да го претставиме тимот на GATS

Проектниот конзорциум на GATS се состои од организации од 4 различни партнерски земји; “Embaixada da Juventude” од Португалија како проектен координатор, потоа партнерите “Eco Logic” од Македонија, “Udruzenje Gradjana BUM” од Србија, и “uniT GmbH” од Австрија исто така.

**“Embaixada da Juventude”** има богато искуство во работа со маргинализирани луѓе, развојна талент, младинско учество, откривање таленти, како и уметност; театар, музика, креативни вештини - се што е поврзано со младинци.

**“Eco Logic”** има искуство во работење на теми како заштита и зачувување на животната средина и природата, екологија, велосипедизам, одржлив развој, промовирање на концептот ‘зелено’ и зелени работни места, истражување и креирање на образовни содржини, како и вклопување на овие концепти во гејмификација (учење преку игра), односно друштвени игри.

**“Udruzenje Gradjana BUM”** има искуство во работа со граѓански активизам, културален развој и креативност во заедниците, интеркултурален дијалог, заштита на животната средина, родова еднаквост, поддршка на граѓански организации, иновативни младински групи, и организирање на настани и изложби.

*Проектот е поддржан и финансиран преку Европската Комисија, Програма Еразмус+. Оваа публикација ги претставува мислењата само на авторите, и Европската Комисија не може да се смета за одговорна за содржината и начин на користење на истата.*

**“uniT GmbH”** има искуство во работа со уметност и образување на возрасни; театарски изведби, уметнички проекти со возрасни, мигранти, студенти, потоа и со преводи и приказ на театарски сценарија, активности со фотографирања, снимања, танц, сликарство, литература - се со цел подобра инклузија на младинските и на маргинализираните групи.

Вакви искусни организации можат навистина многу да придонесат кон проектот GATS, од перспектива на активизам, но и креативност!

## Што ќе ги инспирира уметниците за да цртаат графити?

GATS има прецизна цел, и тоа е генерално подобрување на репутацијата на уличната уметност. Графитите кои ќе бидат креирани во овој проект се специфично класифицирани на темите:

- Животна средина
- Екологија
- Климатски промени
- Младински акттивизам

## Што сакаме да постигнеме? Како ќе го направиме тоа?

1) **Подобрување на репутацијата на уличната уметност графити** преку значајни и корисни инспиративни теми кои се едукативни пред се.

2) **Пренесување на важни пораки** кои се често занемарени; нашата животна средина, Планетата Земја и климата, и активирање на младинците - целосното добробитие од многу аспекти.

3) Збогатување на **вмрежувањето** на уметниците преку организирање на нивните сесии за цртање графити, охрабрување групна работа, и акцент на социјализирање додека се работи на графитите.

4) Подобрување на нивната **вработливост** преку збогатување на нивното портфолио со активноста во GATS.

## Во прогрес...

Од сезона пролет 2021 сме активно ангажирани во потрага по графити уметници кои ќе бидат ‘креативната’ рака позади графитите во неколку урбани области, и тоа во градови на сите партнерски земји од проектот. Имаме подготвено повик за уметници со цел да селектираме талентирана група на потенцијални кандидати кои се пријавуваат со своите портфолија на исклучителна работа во ова поле.

*Проектот е поддржан и финансиран преку Европската Комисија, Програма Еразмус+. Оваа публикација ги претставува мислењата само на авторите, и Европската Комисија не може да се смета за одговорна за содржината и начин на користење на истата.*

## Што е следно?

Додека уметниците го изразуваат својот интерес и се пријавуваат, ние ќе одбираме и дефинираме точни урбани локации каде што графитите ќе бидат нацртани односно поставени, и веднаш по финализирање на селекцијата, одбраните уметници ќе започнат со цртањето во есенска сезона 2021, во Септември и Октомври.

**Следете не за повеќе новости,**
**и дознавајте повеќе и од нашата ФБ страница исто така**

*Проектот е поддржан и финансиран преку Европската Комисија, Програма Еразмус+. Оваа публикација ги претставува мислењата само на авторите, и Европската Комисија не може да се смета за одговорна за содржината и начин на користење на истата.*